Република Македонија
Државна изборна комисија

# З А П И С Н И К
## ОД 72 –ТАТА СЕДНИЦА
## НА ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

## ОДРЖАНА НА 17 МАРТ 2014 ГОДИНА

**ЗАПИСНИК**
**од седумдесет и втората седница на Државната изборна комисија**

Седумдесет и втората седница на Државната изборна комисија се одржа на ден 17 март 2014 година ( понеделник ) во седиштето на Државната изборна комисија во Скопје со почеток во 12:10 часот.

На седницата присуствуваа:

| | |
|---|---|
| **Никола Рилкоски -** | Претседател на Државната изборна комисија |
| **М-р Субхи Јакупи-** | Потпретседател на Државната изборна комисија |
| **Влатко Сајкоски -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Сашо Срцев -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Анета Стефаноска -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Виолета Дума-** | Член на Државната изборна комисија |
| **Бедредин Ибраими -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Биљана Стојановска-** | Генерален секретар на Државната изборна комисија |
| **Расим Мустафа -** | Зам. Генерален секретар на Државната изборна комисија. |

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Државната изборна комисија Никола Рилкоски. Претседателот констатира дека е Комисијата во полн состав и дека може да работи и да одлучува полноважно.

За оваа седница беше предложен следниот

## ДНЕВЕН РЕД

1. **Ждрепка за утврдување на редоследот на листите на кандидати за избор на Претседател на Република Македонија на гласачко ливче.**

Претседателот на Државната изборна комисија Никола Рилкоски кажа дека е за оваа седница предвидена само една точка на дневен ред, а тоа е ждрепката. Согласно член 68 од Изборниот законик, Државната изборна комисија го утврдува редоследот на листите на кандидати за избор на Претседател на Република Македонија на гласачкото ливче. Пред да започне ждрепката за утврдување на редоследот на кандидати на гласачкото ливче, овластените претставници на подносителите на листи на кандидати ќе влечат број за да се утврди редоследот по кој ќе се спроведе ждрепката, и тоа врз основа на времето на поднесување на листите на кандидати до Државната изборна комисија. До ДИК сите 4 кандидати имаат доставени уредни овластувања и имаат овластен претставник кој ќе го врши ждребањето.

Претседателот на Државната изборна комисија Никола Рилкоски му даде збор на Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи да ја води ждрепка за утврдување на редоследот на листите на кандидати за избор на Претседател на Република Македонија на гласачко ливче.

Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи констатира дека има овластени претставници од сите кандидати. Во сценариото е предвидено доколку подносителите на листа на кандидат за Претседател на Република Македонија немаат овластен претставник кој ќе присуствува на ждрепката тогаш истото ќе го направи лице определено од ДИК, но ова не е потребно. Прво ќе се влече бројот за редоследот по кој ќе се врши ждрепката за утврдување на редоследот на листите

на кандидати на гласачко ливче и тоа по редоследот на пристигање на листите на кандидати за Претседател на Републиката во ДИК. Потоа ќе се влече за бројот кој кандидатот ќе го носи на гласачкото ливче.

Се повика овластениот претставник на подносителот на листа на кандидат за Претседател на Република Македонија предложен од група избирачи - ЗОРАН ПОПОВСКИ, да извлече број.

Овластениот претставник го извлече бројот 4.

Се повика овластениот претставник на подносителот на листа на кандидат за Претседател на Република Македонија предложен од најмалку 30 пратеници - ЃОРЃЕ ИВАНОВ, да извлече број.

Овластениот претставник го извлече бројот 2.

Се повика овластениот претставник на подносителот на листа на кандидат за Претседател на Република Македонија предложен од група избирачи ИЉАЗ ХАЛИМИ, да извлече број.

Овластениот претставник го извлече бројот 3.

Се повика овластениот претставник на подносителот на листа на кандидат за Претседател на Република Македонија предложен од најмалку 30 пратеници – СТЕВО ПЕНДАРОВСКИ, да извлече број.

Овластениот претставник го извлече бројот 1.

Ова е редоследот по кој ред ќе се спроведе ждрепката за утврдувањето на редоследот на листите на кандидати на гласачкото ливче.

Се повика овластениот претставник на подносителот на листа на кандидат за Претседател на Република Македонија предложен од најмалку 30 пратеници – СТЕВО ПЕНДАРОВСКИ, да извлече број.

Се констатира дека овластениот претставник го извлече бројот 3.

Се повика овластениот претставник на подносителот на листа на кандидат за Претседател на Република Македонија предложен од најмалку 30 пратеници - ЃОРЃЕ ИВАНОВ, да извлече број.

Се констатира дека овластениот претставник го извлече бројот 1.

Се повика овластениот претставник на подносителот на листа на кандидат за Претседател на Република Македонија предложен од група избирачи ИЉАЗ ХАЛИМИ, да извлече број.

Се констатира дека овластениот претставник го извлече бројот 2.

Се повика овластениот претставник на подносителот на листа на кандидат за Претседател на Република Македонија предложен од група избирачи - ЗОРАН ПОПОВСКИ, да извлече број.

Се констатира дека овластениот претставник го извлече бројот 4.

**Согласно спроведената ждрепка:**

**1.Се констатира дека кандидатот ЃОРЃЕ ИВАНОВ на гласачкото ливче ќе го има редниот број 1.**

2. **Се констатира дека кандидатот ИЉАЗ ХАЛИМИ на гласачкото ливче ќе го има редниот број 2**

3. **Се констатира дека кандидатот СТЕВО ПЕНДАРОВСКИ на гласачкото ливче ќе го има редниот број 3 и**

4. **Се констатира дека кандидатот ЗОРАН ПОПОВСКИ на гласачкото ливче ќе го има редниот број 4.**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски кажа дека со ждрепката за утврдување на редоследот на листите на кандидати за избор на Претседател на Република Македонија на гласачко ливче е завршена обврската на Државната изборна комисија од точката 1 од дневниот ред. Во свое име и од името на сите Членови на Државната комисија им посакува среќа на кандидатите во претстојните избори за избор на Претседател на Република Македонија.

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски констатираше дека дневниот ред е исцрпен и ја затвори седумдесет и втората Седница на ДИК.

Составен дел на Записникот од оваа Седница е аудио снимката на Седницата.

**72-та седница на Државната изборна комисија заврши во 12:20 часот.**

**Број** 07-953/2
18.03.**2014 година**

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА,**
**Биљана Стојановска**

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Никола Рилкоски**

**Изготвил: Зорица Петровиќ**